Macedonian - Ослободени од Смрт Писмата - Free from Death Scriptures

Римјаните 6:23 зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава,
Римјаните 8:2 Зашто законот на Духот на животот во Христа Исуса ме ослободи од законот на гревот и смртта.
2 Тимотеј 1:10 а која сега се откри преку јавувањето на нашиот Спасител Христос Исус, Кој ја уништи смртта и ги осветли животот и бесмртноста преку Евангелието,
Јов 5:2 Навистина, безумниот го убива неговиот гнев, љубомората ќе го докрајчи сосем лудиот.
Осија 13:14 Јас ќе ги избавам од власта на пеколот, ќе ги спасам од смртта! Смрт, каде е твоето осило? Гробу, каде е твојата победа? За тоа нема да се покајам.
Псалми 9:13 Смилуј ми се Господи: погледај на моето страдање од моите непријатели; Ти, Кој ме избавуваш од вратите на смртта;
Јов 6:26 Можеби мислите да ги изобличите зборовите? Па, во ветер оди очајниковиот говор!
Јов 33:22 Кога душата му се приближува до гробот, а неговиот живот кон гласниците на смртта.
Езекиел 37:12,13 Затоа пророкувај и речи им: 'Господ Бог зборува вака: „Јас ќе ги отворам вашите гробови, ќе ве изведам од вашите гробови народу Мој, и ќе ве одведам во Израелевата Земја!
Матеј 27:52 а гробовите се отворија, и воскреснаа многу тела на упокоени свети;
Битие 2:7 Господ, Бог, го обликува човекот од земниот прав и му дувна здив на живот во носалките. Така човекот стана жива душа.
Битие 6:17 Еве, Јас ќе пуштам потоп - води на земјата - за да загине секое суштество под небото, сè во што има животен дух: сè на земјата треба да загине.
Битие 7:15 влегоа во бродот со Ное, по две од сите суштества што имаат во себе жива душа.
Битие 7:22 Сè што имаше животно дишење во своите носалки - сè што беше на копното - загина.
Јов 12:10 Во неговата рака лежи животот на секое суштество и животворниот здив на секое човечко тело.
Јов 33:4 Па и мене Божјиот Дух ме создаде, здивот на Сèдржителот ме оживе:

Дела 17:25 ниту прима служба од човечки раце, како да има потреба од нешто; бидејќи Тој, Самиот, им дава на сите: живот, здив и сè.

Откровение 13:15 И му беше дадено да вдахне дух во ликот на Ѕверот така што ликот на Ѕверот да прозборува, и да направи да бидат убиени оние, кои нема да се поклонат на ликот на Ѕверот.

Јован 10:10 Крадецот влегува само да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно."

Исаија 28:15 Вие велите: „Склучивме сојуз со смртта и направивме спогодба со Подземјето. Кога ќе помине разурнувачкиот бич, не, нема да нè фатат, зашто од лагата си направивме засолниште и од измамата скривалиште."

Исаија 28:18 ќе пропадне вашиот сојуз со смртта, вашата спогодба со Подземјето не ќе се додржи. Кога ќе помине разурнувачкиот бич, ќе ве сотре;

Исаија 5:24 Затоа, како што огнот ја проголтуваат сламата, и како што сувата трева исчезнува во пламенот, така ќе изгние нивниот корен, нивната папка ќе се разлета како прав, зашто го отфрлија Законот на Господа над Воинствата и го презреа Словото на Израелевиот Светец.

Јоил 1:12 Лозата се исуши, смоквата овена, калинката, палмата и јаболкниците: секое полско дрво се исуши. Затоа радоста ја снема меѓу човечките синови.

Осија 13:15 Така е плоден Ефрем меѓу браќата, но ќе дојде источен ветер, Господов ветер од пустината: ќе му ги исуши изворите, ќе му ги пресуши кладенците, ќе му ја ограби ризницата, ќе му го однесе благото.

Откровение 22:1 И ми покажа чиста река со вода на животот, бистра како кристал, која истекува од престолот на Бога и на Јагнето.

Јован 4:10 Љубовта е во ова: не дека ние сме Го возљубиле Бога, туку Тој нè возљуби нас и Го испрати Својот Син како жртва помирница за нашите гревови.

Јован 4:14 И ние гледавме и сведочевме дека Бог Таткото Го испрати Синот како Спасител на светот.

Пословици 13:14 Поуката на мудриот е животен извор, таа избавува од примките на смртта.

Пословици 14:27 Стравот од Господа е извор на животот; Тој избавува од стапицата на смртта.

Езекиел 13:17-23 "Човечки сине, сврти го своето лице против ќерките

на својот народ, кои што пророкуваат според својата глава! Пророкувај против нив: 18 ’Господ, Господ, зборува вака: „Тешко им на оние што везат везови за сечии раце и што прават покривки за глави од секоја големина, за да уловат души! Мислите ли да ги уловите сите души на Мојот народ, а своите души да ги запазите живи? 19 Ми ја одземате честа пред Мојот народ за грст јачмен, за залак леб, убивајќи ги душите што не би требале да умрат, а спасувајќи ги оние што не би требале да живеат; и така го измамувате Мојот народ што со задоволство ги слуша вашите лаги.” 20 Затоа Господ Бог, зборува вака: „Еве Ме против вашите везови, со кои ги ловите душите како птици! Ќе го растргам се тоа во вашите раце и ќе ги ослободам душите што ги фаќате со тоа како птици! 21 Ќе ги искинам вашите покривки и ќе го ослободам Својот народ, за да не биде веќе плен на вашите раце. И ќе знаете дека Јас Сум Господ!”“ 22 Зашто вие со лага го ожалостивте срцето на праведникот, што Јас не сакав да го ожалостам, а ги закрепивте рацете на безбожникот, за да не се одврати од лошиот безбожнички пат, па да го спаси животот. 23 Затоа веќе не ќе гледате суетно, ниту ќе пророкувате лага: Јас ќе го ослободам Својот народ од вашите раце. И ќе знаете дека Јас Сум Господ!”’

Еремија 21:8 А на овој народ речи му: ‘Господ зборува вака: „Еве ги ставам пред вас патот на животот и патот на смртта.

Јов 34:22 Нема таков мрак и ниту смртна сенка, каде би можеле да се скријат оние што прават неправда.

Псалми 16:10 Зашто нема да ја оставиш мојата душа во Подземјето, ниту ќе дозволиш твојот светец да види гниење.

Псалми 23:4 Ако тргнам и низ долината на смртната сенка, нема да се уплашам од злото, зашто Ти си со мене. Твојот жезал и Твојата палка ме утешуваат.

Псалми 30:3 Господи, ја извади мојата душа од Подземјето и ме оживеа на работ на гробот.

Псалми 49:15 А мојата душа Бог ќе ја истрга од кан?ите на Подземјето и ќе ме прими милостиво.

Псалми 56:13 зашто ми ја спаси душата од смрт. Ти ги запази моите нозе од паѓање за да одам пред Бога, во светлината на живите.

Псалми 68:20 Нашиот Бог е Бог Кој спасува, Господ избавува од смрт.

Псалми 89:48 Кој жив не ќе ја види смртта? Кој ќе ја запази душата од раката на Подземјето?

Псалми 102:19,20 Зашто Бог гледа од Своето возвишено светилиште, гледа од небесата кон земјата, 20 за да ги чуе воздишките на затворените, за да ги ослободи осудените на смрт,

Псалми 116:8 Тој ми го избави животот од смртта, моите очи од солзи, нозете од паѓање.

Пословици 10:2 Не ползува ништо нечесно богатство, додека праведноста избавува од смрт.

Исаија 26:19 Твоите мртви ќе оживеат, телата ќе воскреснат. Разбудете се и воскликнувајте, жители на правот! Зашто Твојата роса е - роса на светлината, и земјата ќе ги исфрли мртвите.

Јован 5:28,29 Не чудете се на тоа, зашто доаѓа час во кој сите, кои се во гробовите, ќе го чујат Неговиот глас 29 и ќе излезат од нив, кои правеле добро, ќе воскреснат за живот; а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување.

Јован 10:28 Јас им давам вечен живот и никако нема да загинат и никој нема да ги грабне од Мојата рака.

Јован 11:43,44 Откако го рече тоа, викна со силен глас: „Лазаре, излези надвор!” 44 Умрениот излезе, завиткан со повои по рацете и нозете, а лицето му беше забрадено со крпа. Исус им рече: „Одвиткајте го и оставете го да оди!”

Јован 12:17 А народот, кој беше со Него, сведочеше дека Тој го повика Лазара од гробот и го воскресна од мртвите.

Јован 17:2 како што си му дал власт над секое тело, па да му даде на сè - што си Му дал - вечен живот.

1 Коринтјани 15:19-26 Ако само во овој живот се надеваме на Христа, ние сме најнесреќни од сите луѓе. 20 Но сега, Христос воскресна од мртвите, како првенец на оние кои умреле. 21 Бидејќи смртта дојде преку човек, така преку еден Човек дојде и воскресението од мртвите. 22 Зашто, како што сите умираат во Адама, така и во Христа сите ќе оживеат. 23 Но секој по својот ред: првенец Христос, после оние кои се Христови, во времето на Неговото доаѓање. 24 Тогаш доаѓа крајот, кога ќе Му го предаде Царството на Бог и Таткото; откако ќе ги уништи: секое началство, и секоја власт и сила. 25 Зашто, Тој треба да царува „додека не ги положи сите свои непријатели под Своите нозе.” 26 Смртта ќе биде уништена како последен непријател.

2 Коринтјани 1:9,10 Па и сами во себеси дојдовме до заклучок, дека ќе и бидеме предадени на смртта, за да не се надеваме сами на

себеси, туку на Бога, Кој ги воскреснува мртвите. 10 Тој нè избави и уште нè избавува од таква смрт; Тој, во Кого се надеваме, дека пак ќе нè избави,

2 Коринтјани 3:6 Кој и нè оспособи за служители на Новиот завет; не на буквата, туку на Духот, зашто буквата убива, а Духот оживува.

Колосјани 1:21,22 И вас, кои бевте некогаш отуѓени и непријатели, во своето мислење и во лошите дела, 22 сега ве измири преку смртта на Неговото човечко тело, за да ве изведе пред Себе: свети, непорочни и без вина,

Евреите 2:9 Но Го гледаме Исуса „Кој беше направен само за малку понизок од ангелите" - овенчан со слава и чест заради смртното страдање, та по Божјата благодат да ја вкуси смртта за сите.

Евреите 2:14,15 Бидејќи пак децата имаат учество во месото и крвта, така и Тој зеде учество во тоа, и со смртта да го уништи оној, кој ја имаше власта над смртта, односно ѓаволот, 15 и да ги избави оние, кои заради стравот од смртта, цел живот беа во ропство.

Евреите 11:5 Преку вера Енох беше пренесен така, да не ја види смртта, и веќе не се најде, зашто Бог го зеде; зашто, пред неговото земање, тој доби сведоштво дека Му угодил на Бога.

1 Петар 3:18 Зашто и Христос умре еднаш за гревовите, Праведен за неправедните, за да нè приведе при Бога; навистина, Тој, Кој беше убиен во тело, оживе Духом;

2 Петар 1:3 Бидејќи Неговата божествена сила ни подари сè што ни е потребно за живот и побожност, преку познавањето на Оној, Кој нè повика преку Својата сопствена слава и добродетел,

1 Јован 3:14 Ние знаеме дека преминавме од смртта во живот, зашто ги љубиме браќата. Кој не го љуби братот свој, тој пребива во смртта.

1 Јован 5:11 И ова е сведоштвото: Бог ни даде вечен живот, и тој живот е во Неговиот Син.

Откровение 21:6 И ми рече: „Се заврши! Јас Сум Алфа и Омега; Почеток и Свршеток. Јас ќе му дадам на жедниот, дарум, од изворот на водата на животот.

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org